Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-45/5
28-05-2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-848/1 од 13.12.2023 година поднесена од ı од Скопје, против Игротека за извршена дискриминација врз основа на ментална и телесна попреченост во областа на пристап до добра и услуги, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на ментална и телесна попреченост во областа на пристап до добра и услуги сторена од страна на Игротеката врз

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка бр. 08-848/1 од 13.12.2023 година, од страна н за сторена дискриминација врз основа на ментална и телесна попреченост во областа на пристап до добра и услуги, од страна на Игротека

Согласно наводите од претставката, на ден 12.12.2023 година околу 18 часот, подносителот на претставката заедно со својата сопруга и 3 и пол годишна ќерка со церебрална парализа отишле во игротеката во склоп на Подносителот наведува дека претходно ги прочитал условите на игротеката, при што се информирал дека не е дозволено родителите да влегуваат заедно во просторот кој е предвиден за анимација на децата. Поради претходно наведеното, подносителот истакнува дека неколку часа пред планираната посета на игротеката, се јавил на нивниот телефонски број со цел да добие подетални информации за условите во конкретен случај доколку станува збор за дете со попреченост кое е потребно да биде во придружба на родител. Оттука, од страна на вработена во игротеката му било укажано дека истото не би претставувало проблем, со тоа што во конкретниот случај би направиле исклучок за ќерката на подносителот и дека истата би можела да биде придружувана од страна на нејзината мајка.

Во продолжение на претставката е наведено дека по влезот во игротеката, ќерката на подносителот влегла заедно со нејзината мајка, како што и било претходно дискутирано согласно остварената комуникација со вработените преку телефон, при што истакнува дека 5 минути по нивното влегување им пристапила вработена, која најверојатно била надредено лице во игротеката и ги прашала зошто некој ја пуштил сопругата на подносителот внатре. Оттука, подносителот ѝ ја објасни ситуацијата дека неговата ќерка не може да биде сама поради нејзината попреченост, при што дополнително образложил дека веќе остварил контакт со вработена во игротеката од чија страна му било потврдено дека нема да е проблем во конкретниот случај, поради специфичните околности неговата ќерка да влези во игротеката со родителска придружба. Поради укажувањето на вработената која им пристапила во врска со тоа дека согласно условите на игротеката не е дозволена придружба од родители, подносителот и неговата сопруга решиле да се обидат да ја остават ќерка си без придружба, на што нивната ќерка реагирала вознемирено и со плачење. Оттука, подносителот наведува дека подолго време се објаснувале со вработената, при што на

неговото тврдење дека за предметниот настан ќе објават на социјалните мрежи и веб порталите, му било одговорено „Ако, нека објават". На крајот на разговорот им било кажано дека може да се вратат и дека неговата сопруга ќе биде примена како придружба на ќерката со церебрална парализа, меѓутоа подносителот истакнал дека веќе немаат намера да се враќаат таму.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 10.1.2024 година испрати Известување бр. 08-45/2 за произнесување по наводите од претставката до игротеката . Притоа, со ваквото известување за произнесување, Комисијата го префрли товарот на докажување на страната на потенцијалниот дискриминатор согласно член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Поради фактот што Комисијата за спречување и заштита од дискриминација не доби потврда и поштенска испратница за извршена успешна достава на известувањето за произнесување, а со цел целосно и правилно утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, врз основа на член 29 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата на ден 27.3.2024 година изврши увид во просториите на игротеката

На увидот присуствуваше менаџерката на игротеката – , при што по образложувањето на целта на увидот и законските одредби содржани во Законот за спречување и заштита од дискриминација, менаџерката изнесе дека известувањето за произнесување не било доставено на нивната адреса до денот на вршење на увидот. Следствено на ова, членката-известител на Комисијата ја запозна менаџерката со наводите од претставката, на која како присутно одговорно лице ѝ беа доставени примероци од претставката архивирана под бр. 08-848/1, доуредувањето на истата со арх. бр. 08-45/1 и известувањето за произнесување по наводите од претставката 08-45/2. Дополнително беше образложено дека со ваквото известување за произнесување, согласно член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација товарот на докажување беше префрлен на потенцијалниот дискриминатор.

Оттука, од страна на членката – известител на Комисијата беше побаран одговор во однос на наводите на подносителот и самиот настан кој се случил на 12.12.2023 година, при што од страна на присутното одговорно лице беше наведено дека таа не била запознаена со ваквиот настан кој наводно се случил во нивната игротека, при што истакна дека има потреба да прибави дополнителни информации во однос на предметниот настан и да се консултираат со адвокат, по што од страна на одговорните лица на игротеката би било доставено писмено произнесување до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Во однос на наводите од претставката за заштита од дискриминација, менаџерката на игротеката наведе дека и покрај фактот што не била запознаена со ваквиот настан, тврди дека игротеката претставува инклузивен простор како за деца без, така и за деца со попреченост, истакнувајќи дека организирале и настани кои таргетираат деца со попреченост со цел нивна инклузивност. Дополнително на ова, беше наведено дека доколку предметниот настан се случил на 12.12.2023 година, тоа би било многу краток период по отворањето на игротеката поради што имало зголемен обем на организирани настани и исто така, многу од лицата кои биле вработени при отворањето на игротеката, со тоа што не би се знаело кое лице било присутно на настанот, и понатаму би можело да даде информации за неговиот тек.

На ден 15.5.2024 година, во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување по наводите од претставката заведено под арх. бр. 08-45/4, испратено од страна на . Во однос на истото, Комисијата констатира дека предметниот допис

и одговор на наводите во претставката беше испратен од адвокатско друштво без да биде испратено полномошно во прилог на истото. Оттука, согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, *„Комисијата ја доставува претставката до лицето против кого е поднесена претставката во рок од 5 дена од денот на приемот на претставката и тоа може да се изјасни за наводите во претставката во рок од 15 дена од денот на нејзиниот прием."* Ценејќи го фактот дека предметната претставка за заштита од дискриминација беше поднесена против игротеката а поднесокот за произнесување по наводите од истата беше испратен од страна на адвокатско друштво во недостаток на полномошно дадено од лицето против кое се води постапката за заштита од дискриминација, Комисијата при носењето на ова Мислење не го зеде во предвид писмениот одговор поднесен од

Следствено на ова, земајќи ги предвид наводите во претставката, како и прибавените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека станува збор за извршена дискриминација од страна на игротеката врз

Имено, Комисијата утврди дека во конкретниот случај, не овозможила непречен пристап до услугите кои ги нудат како игротека, базирајќи го ваквиот пристап врз фактот што ќерката на подносителот на претставката за заштита од дискриминација била дете со церебрална парализа, која со цел да може да биде дел од активностите кои се организираат во рамките на игротеката, потребно е истата да биде придружувана од страна на еден од нејзините родители.

Имајќи го во предвид погоре наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека преку неовозможување на еднаков пристап до како и до услугите кои игротеката ги нуди, била сторена директна дискриминација врз согласно **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** кој гласи:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите".*

Дополнително на ова, игротеката , не успеала да изврши соодветно приспособување на нејзините услуги, кое согласно член 4 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставува:

*„неопходно и соодветно изменување и приспособување потребно во одреден случај, што не предизвикува несразмерно или непотребно оптоварување, а со цел обезбедување на уживањето или остварувањето на сите човекови права и слободи на лицата со попреченост, на еднаква основа со другите".*

Во конкретниот случај, Комисијата утврди дека потребното изменување и приспособување на услугите кои ги нуди игротеката, со цел ќерката на подносителот на претставката да може да ги ужива истата на еднаква основа со останатите деца кои биле во игротеката, не би претставувало несразмерно или пак непотребно оптоварување за игротеката, особено имајќи го во предвид фактот дека ваквото приспособување би се состоело само од неопходното присуство на еден родител во просторот на игротеката со цел детето со попреченост да биде придружувано од негова страна. Оттука, Комисијата го имаше во предвид и фактот дека подносителот на претставката навремено телефонски се информирал за условите на игротеката, како и потенцијалната можност

неговото барање за придружба на неговата ќерка да биде прифатено, при што кога физички пристапиле кон игротеката, ваквото приспособување на условите за пристап му било одбиено.

Врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, одлучи како во диспозитивот на мислењето и утврди директна дискриминација врз основа на ментална и телесна попреченост во областа на пристап до добра и услуги од страна на игротеката
врз

Согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврдената дискриминација, со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

## ПРЕПОРАКА

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** игротеката да ја отстрани дискриминацијата на начин што ќе им овозможи непречен пристап до добрата и услугите кои ги нуди, при што ќе овозможи соодветно приспособување согласно член 4 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација во конкретни случаеви кога истото е потребно и во иднина ќе се воздржи од дискриминаторски пристап кон лицата кои ги користат нејзините услуги врз било која дискриминаторска основа.

Доколку игротеката не постапи согласно оваа препорака, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од **член 27 став 4** од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје
28.5.2024

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:
-
- Игротека